# HYMN OF LOVE (POEM BY ZORAN PEJKOVSKI, IN HONOR OF PETRE M. ANDREEVSKI)

**Kristina Nikolovska**
University "St. Cyril and Methodius" - Skopje, RN Macedonia, nikolovska_17@yahoo.com

**Abstract:** The paper is an analysis and interpretation of the latest book by the eminent contemporary Macedonian writer Zoran Pejkovski "Does one die of too much love", written on the occasion of the 90th anniversary of the birth of the great Petre M. Andreevski. The hermeneutic approach allow an in-depth re-reading of the essential processes of visions, ideas and poetic impulses of this poem, built from 25 authentic and original books. The essay gets indented into the thematic dominants, elevating love as a phenomenon above phenomena, as an essence above essences, as an idea above ideas, as an urge above urges. Love - as hyperbole, recognized in the poetic manuscript of the cult and excellent poetry collection "Denicia" by Petre M. Andreevski, is the dominant theme of the poetics of the sumptuous lyricist Zoran Pejkovski, which, from branching philosophyy, develop and resurrect her to the level of a philosophy of life, which, like the canopy of a tree, grows arborescently through this precious poems, in memory of the great Petre M. Andreevsku. Is there a dialogue between the two discourses - in terms of content and form? - Our scientific curiosity raises important questions for these two poetics and their possible synergies.
**Keywords**: Petre M. Andreevski, Zoran Pejkovski, poem.

# ХИМНА НА ЉУБОВТА (ПОЕМА ОД ЗОРАН ПЕЈКОВСКИ, ВО ЧЕСТ НА ПЕТРЕ М. АНДРЕЕВСКИ)

**Кристина Николовска**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, РС Македонија, nikolovska_17@yahoo.com

**Резиме:** Рефератот прави анализа и интерпретација на најновата книга на еминентниот современ македонски писател Зоран Пејковски „Се умира ли од премногу сакање", напишана по повод 90-годишнината од раѓањето на великанот Петре М. Андреевски. Херменевтичкиот пристап ни овозможува длабинско препрочитување на суштинските процеси на визиите, идеите и поетските пориви на оваа поема, изградена од 25 автетични и оригинални пеења. Рефератот се вдлабува во тематските доминанти, издигнувајќи ја *љубовта* како феномен над феномените, како суштина над суштините, како идеја над идеите, како порив над поривите. *Љубовта* – како хипербола, препознаена во поетскиот ракопис на култната и врвна стихозбирка „Деницијa" на Петре М. Андреевски, е доминантна тематема на поетиката на раскошниот лирик Зоран Пејковски, која тој, од разгранета филозофема, ја развива и воскрева на ниво на животна филозофија, која како крошна од дрво, арборесцентно расте преку оваа драгоцена поема, во спомен на великанот Петре М. Андреевски. Постои ли дијалог меѓу двата дискурса – на план на содржина и на план форма? - Нашето научно љубопитство покрева важни прашања за овие две поетики и нивните можни синергии.
**Клучни зборови:** Петре М. Андреевски, Зоран Пејковски, поема.

## 1. ВОВЕД И ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Токму во годината кога го чествуваме големиот јубилеј на сјајниот романсиер, импресивен раскажувач, брилијантен поет, драмски писател, есеист, македонски мислител и академик - великанот Петре М. Андреевски, во негова чест, по повод 90-годишнината од неговото раѓање, истакнатиот македонски писател Зоран Пејковски ја публикува својата поема, делото „Се умира ли од премногу сакање?!"

Големиот македонски писател, драматург, поет, сценарист, прозаист, публицист, театролог, натуралист, културолог, истакнат општественик, културен деец, културен дипломат, универзитетски професор Зоран Пејковски, длабоко и суштински се инспирира од монументалното дело на Андреевски, со кого имал чест да се познава, да работи, да македонствува, да твори и да се бори за високи идеали и врвни вредности.

Повод за нашето истражување е појавата на оваа значајна поема, посветена на Петре М. Андреевски, инспирирана од неговиот грандиозен опус.

Цел на нашето истражување е да се направи интерпретација на поетичките особености на поемата и да се навлезе во длабинските слоеви на делото, во неговите суштински процеси и феномени.

Во земја и култура која низ вековите е лулка на уметноста, културата и светските вредности на цивилизациите, во татковината на поезијата, творештвото и археологијата, во земја која е прогласена за

„Република на поезијата“ и „престолнина на поезијата“, која според Јордан Плевнеш, со подемот на Струшките вечери на поезијата „(...) Македонија стана поетска велесила“ (Плевнеш, 2011: 7), во таа земја – поетите се Божји благослов.
Во земја – каде поетите се дар од Бога, Божјо провидение, каде стихот има сакрална вредност, сосем е наместо да се прашаме за феноменот творечко-Демирхисарски што се зароди – токму од тој „извор“, та се изродија поети, писатели, раскажувачи, драматурзи.
А дали Бог така решил, та како да пиеле од иста творечка „вода“, животворна вода – и Петре М. Андреевски и Јордан Плевнеш и Зоран Пејковски – славните ни писатели, мислители и дејци, македонствувачи кои се родум или со потекло од Слоештица, Демирхисарска ни Венеција, каде според Плевнеш: „секоја куќа има приватна река“ (Плевнеш, 2014).
Но и каде што секоја куќа – си има своја *творечка река* – би рекле и би се дорекле ние, онаа река или она мајчино млеко, со кое е задоен Пејковски, имајќи драгоцено потекло од славниот и митски Демир Хисар, матица и расадник на поети, писатели, водачи и вардачи на македонскиот идеализам и страстната љубов кон Македонството, македонскиот ни јазик, македонската реч и македонска ни култура.
Восхитен и животно вознесен од творечкиот гениј на Андреевски, Пејковски гради монумент на творечката мисија на Петрета, преку грандиозно дело – раскошна и величествена поема во 25 пеења.
Неговиот однос на пиетет кон великанот Петре М. Андреевски е однос на висока, та врвна почит, историска почит кон делото и подвигот му.
Поемата од 25 пеења е оригинална како жанр, но и како творечка визија која има јасен концепт, поставени идеи и визии.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во рефератот ќе биде применета *книжевна херменевтика,* која преку анализи на делото ќе навлезе во длабинските слоеви на поемата „Се умира ли од премногу сакање?!“, која има комплексна, полифона и повеќеслојна структура. Интерпретацијата како методологија на проучување, ќе се потруди аналитички да го опише ова дело, да ја проучи неговата поетика, а потоа да еманира толкувања и да извлече заклучоци.

## 3. АНАЛИЗА И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА

### Жанровска определба

Ова дело е *поема.* Но тоа е далеку повеќе од тоа. Во жанрот поема, заедно „живеат“ и „растат“: *драма,* ракошна *драмска симфонија,* потресна *историска драма, филозофски трактат, поетски есеизам,* но и вонземски убава „река“ од *лирско пеење. Љубовно пеење...*
Од длабинските слоеви на делото расте и *епска нарација*, која развива комплексна, заплетена, густа фабула.
Тоа е така бидејќи авторот своето дело го градел две години. Цели две години, се будел со делото и заспивал. Со една визија – да се изгради поетски монумент на делото Петрево.
Да му се „фатат“ и разберат визиите и идеите му, да му се „поземе“ и „врати“ речта, дискурсот, да му се растајнат идејните „мрежи“, да му се навлезе во системот на аксиологии, а потем – да се апсолвира и да се постави – творечки дијалог со Петрета. Со Петревата Дениција, онаа недостижната, онаа сонуваната и никогаш недосонувана, онаа која кај поетот Пејковски се јавува – како привид, но и како највисока стварност, како спомен, како копнеж, како визија и како врвен идеал над сите идеали на светот.

### Химна на љубовта

И тука поетот еманира раскошна љубов – кон творењето, љубов – кон поезијата која ја воскрева на врвен пидестал.
Ја открива сласта на вонземската љубов, љубовта во која ненаситно трага по „капка“ нежност, возвратена љубов, топлина, сакање...
Налик на Ганевото „Сакам ноќва да ме сакаш“ (Тодоровски Г., 2008: 190).
И во таа хипербола на творење, во таа драма на сочинување на делото, во таа градација, се градела и растела и *хеперболата над сите хиперболи,* а тоа е – *љубовта.*
И така настанала – *химната на љубовта.* И тука слободно може да градиме пирамида на аксиологии, „кула“, поголема од сите кули на светотот, кула – која се гради од океани љубов – кон *поезијата,* кон *Татковината си,* како највозвишено нешто, рамно на *мајка,* но и *љубов* кон *саканата,* онаа недостижната, онаа посакуваната, сонуваната и никогаш недосонувана – речиси неименува, а идентификувана и препозната во идеалот – Деницija. Онаа Петревата, ја знаете. Симбол на љубовта над сите можни љубови...
И секако, преку раскошен свечен „портал“ на стихот се отвора *љубовта* – кон *поезијата, творештвото, речта...*
*Ars Poeticka* љубов.

...

Така ова дело – е *химна на љубовта,*која преку жанровски „грозд“, богат надрочен од плодови грозд, успева да создаде комплексна полифона структура која ја „води“ изграден и осмислен концепт, ја води кон „виделина“ или „виделото“ – што би рекол авторот.

Првото пеење започнува моќно. Историски моќно, незаборавно снажно:

Овде со промисла доаѓале
тие што создавале и знаеле,
од каде доаѓало времето,
и сонцето во зенитот застанувало.

(Пејковски, 2024: 5)

Првото пеење започнува во некој митски амбиент, во некое време – *пра*време, во некој атавистички амбиент, во кој: „На претците туѓа им станувала татковината, / коските им се превртувале за потомците.“ (Пејковски, 2024: 5).

И тука се отвора една сјајна метонимија:

Од тоа расје на бујна поетика
високи скалила се плетеле
небото повисоко да се крене,
да исчади вителот на пожарите

(Пејковски, 2024: 6)

Токму глаголската метафора „вителот на пожарите“ содржи една луцидна метонимија „пожарите“, алудирајќи на „вителот на војните“, на воените пожари, на несреќите кои пустошат и парчосуваат низ македонскиот опстој.

Опевајќи го сликовито космогонискиот амбиент на прачовекот, во кој:

Во овие питомини од почетокот
на забројувањето на времето
некои наши предци горостаси
се ивишувале и возвишувале
до изворите на светлината
и се вкоренувале во изворите
од кај што протекувале денот и ноќта
што ги предале за навек на потомците
историјата меѓу ѕвездите да им векува.

(Пејковски, 2024: 6)

Поентата е силна, со маестрална слика:

Отвориле висок оџак среде небото
да го исчистат гарежот на пеколот
во кој лицето не им се препознавало.

(Пејковски, 2024: 7)

**Хипербола на љубовта**

Второто пеење ја отвораа величествената слика во која поетот се „заселил“ / „во ридјето демирхисарски“ (Пејковски, 2024: 7). И оттука расте хиперболата на љубовта, оти токму оттука, кадешто ја сретнал „отровната билка на љубовта“, оттогаш, со децении тој бара дефиниција за Деница. И повторно, во сјајна поетска слика и во моќни еуфонии и параномазии, поетот величествено ја опева својата грандиозна љубов кон „недофатната“ Деница, (чие „отсуство е најприсутно“ – во ремек-дело перадоксот на Петре М. Андреевски), онаа Деница која поетот Пејковски постојано го залажувала со „расфрлани пораки / некаде по ридјето,“. Тој „ракопис“ на љубовта, тие пораки, како расеани ѕвезди на небото, таа грандиозна опсесија – љубовта, полека се искачува и возвишува, за да од пеење, во пеење – достигне до кулминативниот стадиум – на доживувањето на љубовта.

Љубовта – како највисок феномен, љубовта – како врвно очудување, љубовта – како најголема идеологија, љубовта – како химна, ода, свечена песна на животот.

И тука сјајно се отвора парадоксот, оној „засаден“ од великанот Петре М. Андреевски, оној во кој „нема ништо поприсутно од твоето отсуство“, оној, во кој таа е *омнипрезентна,* но и *амниабсентна* – совршено *сеприсутна* и совршено *сеотсутна.* Тој раскошен парадокс, тој масестрален алогизам, Пејковски го „надградува“, правејќи, не само реплика, дијалог со Петревата филозофија на грандиозната љубов, туку правејќи и метадискурс, дискурс на(д) дискурсот на Петре М. Андреевски, кога вели: „Неа насекаде ја има и никаде не е, / таа е сè што постои,“, но сепак, во универзиумот на таа грандиозна слика за Неа, за

Возвишената, за Љубената, поетот, успева да „награди" поетика на(д) поетиката Петрева, оној на Деница, го знаете, оној кој ја препознаваше својата љубов, но и љубената – во *сѐ* и *сешто,* колку што не ја пронаоѓаше во – *никаде* и во *ништо.*

*Љубовта* – кон *татковината*, љубовта – кон *саканата*, љубовта – кон *поезијата* и љубовта – кон *животот,* се четирите столба на оваа раскошна полифонична комплексна поема.

Тоа, и ѝ ја дава статиката на градбата на поемата.

**Иделот Татковина**

Идеалот за татковината, се открива во Второто пеење, кога преку метафората на припадност „стеблото на татковината" поетот пее за предците кои „што умирале во туѓи војски", коишто „очекувале / од таа крв пак да им израсне / стеблото на татковината, / да никне од распарчените / остатоци од пирејот". (Пејковски, 2024: 9).

И тука всушност откриваме дека – „стеблото на татковината" е идеалот, сонуваниот идеал, дека по сите страданија, предавства, неправдии, зулуми, братоубиствени војни, како што е тоа маестрално опишано во најроманот македонски, кулниот „Пиреј" од Петре М. Андреевски, има можност, повторно да се извиши, и како птицата Феникс, од пепелта да се прероди. Така, и предците кои умирале во туѓи војски, својата жртва ја давале, со сонот, со идеалот дека стеблото на самостојна Македонија, еден ден – ќе се состави, згусне, консолидира и прероди преку парчињата на *пирејот* – симбол за македонскиот непокор, неуништливост и прераѓање. Како сонот за распарчената и окрвавена Македонија, низ братоубиствените војни и подмолни предавства кои ја нагризуваа македонската историја.

Ова е не само дијалог, метаполемика, но и суптилен препрочит на Пејковски со Андреевски – поетот, но и раскажувачот, романсиерот, мислителот, идеологот. Оној, чие дело е „во корените на македонскиот код..." (Николовска, 2000: 49).

Опозитните семи за*: своето* наспроти *туѓото,* се прикажани во Третото пеење кога поетот сведочи низ стих дека: „Сретнував многу соговорници / што ми говореа на туѓи јазици:" (Пејковски, 2024: 10). И тука ги опева душманите на татковината, кои му велеле дека:

> Твојата татковина е ничија земја
> треба да си одбереш друга галаксија,
> за тебе овде нема виделина,
> затвори ги очите за да преживееш.
>
> (Пејковски, 2024: 10)

И тука се отвора темата за „распродавање на историјата", и тоа во чаршијата, каде што се затвораат „ќепенците на чаршијата", која можеме да ја сфатиме како некој светски подиум на душманите, преку кој, со нечисти есапи и матни апетити, се распарчувало „телото" на татковината ни, низ вековите се парчосувало, и се распродавала нејзината историја.

Таа загриженост, таа коб, таа прекогниција, грижата за распарчување на татковината и нејзино разнебитување – беше водечка тематема и кај великаните: Гане Тодоровски, Анте Поповски, Петре М. Андреевски, кои стрепеа за татковината и за нејзината чест, независност и иднина.

И во ова значајно Трето пеење, поетот сокрива, но и ние откриваме – важен клуч, а тоа е поимот „виделина". Првата песна има еден клуч – а тоа е поимот „виделото". Поетот не вели: „виделина", туку „виделото". И во снажна строфа, поетот вели:

> Колку ли војувале мудроста и поетите
> да покажат од каде и како доаѓало виделото
> што ги крши резињата и решетките на светот,
> што им била најважна мисија на галаксијата.
>
> (Пејковски, 2024: 6)

Поетот пее, знајќи дека: „востание без Делчева не бидува" и дека: „(...) требало да се загине / за да се отсрамиме / пред оние што треба да се родат" (Пејковски, 2024: 19). Поетот, со чемер пее за „премолченото предавство", за „некоја стара болка", за „некоја неподнослива неслобода", за тоа дека „Се боледувало од неслобода", говорејќи за нашиот „опстој" – оти „тешко и скудно се опстојувало,".

**Феноменот Деница: имагинација, привид или вистина**

Четвртото пеење е раскошна ода за имагинарната Деница, во која не се знае дали таа е Петревата Деница или е Деница – имагинација, или пак е нова поетова Деница, за која поетот ја сочини оваа величествена поема?

Деница, како феномен. Налик на буквалното значење на поимот феномен: „она што се покажува, што се појавува", а со него „се означува тоа што има статус на привид, илузија, што ја прикрива длабинската

суштина на нештата, која останува недостапна за спознавање.“ (Димишковска А. и Џепароски И., 2022: 345). Така недостапна за спозанавање – ни е Деницијa од оваа поема.

Та ако филозофското значење на поимот „феномен“: „(...) реферира на нешто што овозможува да се насети скриената суштина која лежи зад сферата на појавноста, (Димишковска А. и Џепароски И., 2022: 355), тогаш Деницијa поттикнува да ја откриеме токму таа „скриена суштина“ која се крие зад нејзината прекрасна женствена појавност.

Деницијa – привид, илузија, имагинација или присутна, реална или пак – недостижна, in absentia, или пак нешто сосема трето – сеприсутна, онимпрезентна, со семи на соларна енергија. Со лице – на Вечност, на неумирачка љубов, онаа знаете, љубовта над сите можни љубови...

Онаа запишана во ветрот...

Таа дилема или полилема останува отворена... Како што светот на поетиката на Андреевски постојано нѐ колеба помеѓу опозитите: *таму / ваму, живот / смрт* (што е водечка поетика од стихозбирката тажаленки „Вечна куќа“), ни на небо ни на земја (што е наслов на стихозбирка Петрева), *вистина / привид, човек / сениште* (од култниот расказ „Вампир“), *мир / војна, здравје / болест, живот / смрт* – опозити, тематеми од врвниот и недостижен македонски најроман „Пиреј“, ете така, и Пејковски го расте и полифоно го развива својот поетички универзум или поетски свет преку контрастите: *наше / туѓо, виделина / мрак* (и тоа историски мрак), приусутво на Деницијa / (наспроти) *отсуству*о, итн.

Така и нѐ остава под знак на прашалник, сугерирано и во маркантниот наслов на делото „Се умира ли од премногу сакање?!“ кој всушност е реторско прашање, кое содржи два интерпункциски знаци: прашалник и извичник, кои даваат не само интонативна вредност, туку и суптилно нѐ селат во филозофски дискурс. Оти прашањето – е еминентно филозофско. Штом има прашање, и тоа во насловот на делото, тогаш ние сме подготвени за долго поемско „патување“, во кое се навестуваат грамади и грамади „планини“, пеотско-филозофски планини, кои ние се осмеливме – да ги растајнуваме преку херменевтика.

И во „време-невреме“, во „Војно време, невреме“ – што би рекол Андреевски (Николовска, 2024: 197), се развијорува „Петтото пеење“ во кое, според Пејковски „Во големата војна се празнеа селата,“, а поетот ја барал Деницијa, а сиот свет тогаш како да бил под забрадените шамии, а жените не знаеле дали се сопруги или вдовици. Оваа маестрална поетска слика, на сјаен начин го доловува трагизмот на војните, страданијата на македонските жени, во „време-невреме“, во „Војно време, невреме“ (Николовска, 2024: 197),, она налик на братоубиствената војна во романот-најроман „Пиреј“, налик на маките на Велика, налик на егзодусот на „Небеска тимјановна“.

Поемата е отворена, како пучина, како хоризонт кој евоцира, довикува слики, состојби од опусот на Андреевски, а „прозорец“ за сите дела е култната и кулминативна лирика, брилијатна лирика – стихозбирката „Деницијa“. Таа дивинизација, хиперболично обожување, боготворење на идеалот – Деницијa, доживува нов бран поетска енергија и нова појава преку Пејковски.

И во тој дисолуциски амбиент, додека поетот талкал преку ридиштата, барајќи ја својата сакана Деницијa, онаа која „што не стаса да стане невеста / венчана со зелениот венец на планините / во митскиот предел на Најсаканија,“ (Пејковски, 2024: 12), „разденува“ моќна поетска слика во која „Сите митови и магии се беа собрале / на убавината нејзина да ѝ завидуваат / и толку клетви од завист беа се насобрале / што дури млекото им секнало на доилките,“ (Пејковски, 2024: 13).

**Неправдите кон Татковината**

Во ова лиско-епско пеење војната се развијорува, за да во „Седмото пеење“ поетот ја опева клетвата на невремињата кои се надвиснале над татковината:

„Невремињата беше ги оставиле облаците
високо надвиснати над Македонија,
кога се смешаа и годишните времиња
како туѓите војски мажиштата што ги измешаа“

(Пејковски, 2024: 14)

Поемата се гради, расте, се згуснува како дејство, епското во неа расте, таа станува момумент на едно време, време-невреме, „војно време“ кое се повторува како рефрен низ вековите ни, кое надвиснува над Татковината како облак. Така:

„Останавме сите во празно заробени
не знаевме од кого треба да се ослободиме,
не знавме како да излеземе од затворот,“

(Пејковски, 2024: 14)

Но, иако поетот епски ги опева маките и неправдите нанасени на својата Татковина, во даден миг – се обелоденува сосем јасна слика за самосвест, за идентитет, кои се искажуваат преку стиховите: „Родените

под ова наше небо / земјата своја си ја знаат“ (Пејковски, 2024, стр. 15) и во стиховите: „за да си ја доискажеме / вистината за нашето постоење,“ (Пејковски: 39).

**Повторно потрага по Деницијa**

И потем расте мудроносната „медовина“ на поетот, кога вели: „Живот со живот се создава“ (Пејковски, 2024: 17), како важен аспект на делото, како негова полнокрвност, како квалитет, како згуснување на мисла. Така растат и пеењета на оваа поема, така и узнаваме дека Деницијa „никој никогаш и никаде / ни да ја сретне ни да ја види,“ и така рсате и идејата дека таа – можеби е привид, можеби е отсутна најприсутност, можеби е присутно отсусуво – кажано со речникот на Петрета, оној на Деницијa, го знаете, а можеби е изгубена сакана, непронајдена убавица, или конечно – идеал кој се сонува, се копнее по него.

И низ овие пеења, особено низ „Тринаесеттото“ пеење поетот умее да му го „поземе“ дискурсот на Петрета М. Андреевски, „устата“ да му ја поземе, и прекрасно да химничи преку рефрен, за Деницијa, идеалот Деницијa, за која признава дека:

„и така јас некаде те запознав,
а никогаш и никаде не те сретнав,
и само дење ноќе те сонував Деницијa,
како ритам на пулсот те препознавав.“

(Пејковски, 2024: 23)

И во величествена хипербола, поетот вели дека и од другата страна на сонцето, каде „во ѕвезда си се престорила,“, тој не можел да ја најде. Таа извонредна потрага по неа, тоа љубовно страдание, тоа не*видение* – кое страстно, деноноќно сонува за – *видение,* тој расен парадокс, оној чија „мајка“ е Петревата: „Нема ништо поприсутно од твоето отсуство“, сонувајќи за Деницијa, таа потрага, љубовна потрага, брилјира преку парадоксот до кој доаѓаме пеку деривација: *токму кога никаде ја нема - насекаде ја има.* Омнипрезентната Деницијa, сеприсутната Деницијa – феномен кој никој никогаш не го видел, ниту сретнал.

Во тој, чисто Петре-М-Андреевски амбиент, во „филм“ или код во кој одамна сме навлегле длабоко, и ние веќе, понесени, вознесени, трагаме со иста страст како поетот и со јасна решеност – дека: *некогаш и некаде ќа ја сретнеме.* Тоа е чисто наративен, фабуларен „набој“, тензија која нè држи будни, заинтересирани – како да читаме динамичен роман за јунак во потрага или гледаме акционен филм, во кој постојаната потрага станува сè повозбудлива и повозбудлива.

Поетот гласно ќе изјави дека:

„Вечно ќе те барам,
и ниту јас
ниту историјата ќе те заборави,
само уште да стигнам
да си го доизодам сонот
во кој таа,
Деницијa ми беше татковина“

(Пејковски, 2024: 25)

**Несретнување**

„А ние пак се разминуваме“ – ќе каже поетот.

Поетот како да е во вечно *несретнување* со саканата Деницијa, а несретнувањето, според филзофскиот есеј на Албер Ками „Митот за Сизф“ – е *апсурд.* Така и несретнувањето на поетот со Деницијa е алогизам, металогизам – чист апсурд, но филозофски апсурд, оти тој *ја знаел* Деницијa, *но не ја сретнал никаде и никогаш.*

Така и *смртта* – е *несретнување.*
Меѓу *живите* и *мртвите.*

Но така и во целата поема, феноменот на *несретнување* – е во полифон распон, тој е во вечно умножение, се мултиплицира, се тематизира.

Вечното *разминување* – е метафора и за историските страданија на Татковината, во кој*а неслободата* е еден вид *затвор.*

Кулминацијата во Дваесет и третото и Дваесет и четвртото пеење, е рамна на – химна, која почнува славно, во духот на народната песна: „Ај, планино вековнице, / ајдучка воздишко моја“, кое се развијорува во прекрасна градација-обраќање: „Ми требаш планино, / ми требаш татковино, / како глас божји да проговорам / со душата на кавалот“, од која се „раѓа“ величествена метафора на припадност.

„Душата на кавалот“ – како симбол на семакедонските суштини. Како врвен концентрат на есенцијата наша.

И тука восхитува и плени градација од серија реторски прашања:

„Грешно ли те сакав љубов моја,
Недоволно ли те сакав татковино моја,
Немав ли право да ја засакам Деницијa.

И токму тука е кулминацијата на сјајното реторско прашање: „Се умира ли од премногу сакање?!“ (Пејковски, 2024: 41)...

Прашање, по кое следува – семантичка тишина, молк, три точки...

**Враќање**

Враќањето на поетот во селото, по многу години, она епско враќање на јунакот во испустеното село, потсетува на испустените села од „Последните селани“ на Петре М. Андреевски.

И в мигот кога поетот знае дека *му се арчи* животот, тој узнава уште вистини. Поетот говори и за состојбата „кога ти се арчат соништата“ (...).

А нам ни станува јасно дека и тогаш кога мислиш дека нема каде да се вратиш, тогаш, токму тогаш, преку стиховите на Пејковски, сознаваш дека: „ама додека имаш татковина, / имаш дом, имаш пристаниште,“ (Пејковски, 2024: 43).

Татковината – како метафора за дом, најтопол дом,

Деницијa – како метафора за вонременска и вечна љубов,

Планината – како посестрима, како вековница, како симбол на културна меморија, се исправа како антипод на „празното“ („празно село“; во „туѓо време“), и сето тоа е во некое *несретнување* – историско, но и љубовно, стадалничко, каде поетот нема кого да сретне, и каде никој не го гледа.

Пирејот – како симбол на опстојот македонски.

Во последното пеење, поетот разговара со себе, како што води возвишен епско-лиски монолог низ ова раскошно дело, прашувајќи се каде е *виделината,* онаа виделина за која војувале, се бореле, нашите предци, како што вели поетот, а најмногу мудрувале и мудрословувале:

„Колку ли војувале мудроста и поетите
да покажат каде е како доаѓало видлото
што ги крши разињата и решетките на светот,
што им била најважна мисија на галаксијата.

За таа мисија живее и твори поетот Пејковски, кој преку лирскиот глас во поемата ни ја прикажа бурната, страстната, вознесена и потресна љубов – кон Татковината, кон идеалот Деницијa, кон поезијата и кон животот.

***Ars Poetica***

Важен аспект на делото е и *Ars Poeticata,* која ја препознаваме во односот: *љубов кон поезијата.* Поетовиот, возвишен, сакрален, однос кон поезијата, кон творештвото, очудувањето пред феноменот на создавање на уметничкото дело – се суштински „ензими“ на *Ars Poetica*-процесите во ова дело.

**Филозофска „река“**

Пејковски е еминентно филозофски поет. Поет кој преку својата длабочина и комплексност на мисла докажува и покажува дека „реката“ од стихови, лиско-епска река на оваа раскошна и полифона поема, може да зрачи со голема филозофска енергија преку филозофеми кои се „враснати“ во „клетките“ на стиховите и кои „дишат“ и „оддишуваат“ со нив. Со нивниот ритам, со нивната бравурозно изведена интонациска вредност, со сјајна еуфонија која го „храни“ и величи музичкиот потенцијал на ова ремек-дело на Пејковски, кое се рамни до ниво на филозофска музика.

А зборот „филозофија“, во срцевината значи „љубов кон мудроста“ (Димишковска А. и Цепароски И., 2022: 355). Таква љубов, оддишува од стиховите на оваа поема и од филозофскиот дискурс, кој наместа се натопува во чисто лирски „води“, во „река“ од сјајна лирика, мастрална по својот зафат, бистра како бистра македонска река.

И тогаш, во жарот на љубовната драма, сфаќаме дека всушност цело време нас нè носи – водечка филозофија.

Маестрална поетска херменевтика – се отвора кога ги „раскопуваме“ повеќеслојните слоеви на оваа поезија. Длабинскиот зафат на нашата анализа, продира кон „невидливите“ слоеви. И тогаш, во тој хијатус – се отвора – цел космос. Цела вслена. Вселена на значења, водени од идеи, водени од визија која две години, опсесивно, го водела авторот на ова величествено дело – кон „виделото“, излезот на сиот творечки порив, кој само низ големи процеси – може да се развивива, виори, заплетува, кулминира, но и расплетува.

Планина. Грамадна планина - е ова дело.

Монументално по својот зафат, по достигнувања и по историска вредност.

Историска вредност – како значење во една култура, во една историја на литература, во врвните дострели на творештвото.

Поради сето ова делото „Зарем се умира од премногу сакање?!“ спаѓа во најдрагоцените дострели на нашата македонска современа литература, а авторот Зоран Пејковски, како што велат наши врвни авторитети на литературната наука, веќе спаѓа во македонски класици.

**Реторско прашање**

Клучното реторско прашање, прашање-наслов на книгата „Се умира ли од премногу сакање?!“ – е отворена дилема, прашање-теза, во кое речиси и не се очекува одговор. „Тоа е, всушност, прашање-одговор, прикриено тврдење, а прашалната форма потенцира и сугерира одреден став.“ (Ќулавкова, 2021: 535). Реторското прашање, како стилска фигира е металогизам, во старата реторика спаѓало во фигури на мислата. Квинтилијан говори за неа како фигура која предизвикува „(...) емоции и на исказот му дава моќ и дражест, особено кога говорникот самиот одговара на поставеното прашање.“ (Ќулавкова, 2021: 535).

„Во поезијата, особено во лирската и епската, реторичкото прашање може да биде ефективно како конектор во градењето на композициската целост на текстот, (...)“ (Ќулавкова, 2021: 535).

Прашањето како да трае низ целата поема. Низ сите лирски и епски „струења“, низ сиот фабуларен развој и тек, низ сите лирски еманации и кулминации. И тоа трае, трае, расте и се развива, оти „зад“ – оваа планина има друга планина, зад тајната на првото пеење, раскошно се отвора и осветлува тајната на второто, третото, итн.

Реков, ова дело е *планина.* Грамадна. *Планина* која открива недоброј неоткриени ридови и *планини.*

Како *патеката на животот.*

И време е да ја откриеме тајната врска, една од океанот алузии, онаа која е содржана во нуклеусот, во „семето“ на насловот на поемата, оној незаборавен крик: „Се умира ли од премногу сакање?!“, наслов-крик, крик-прашање, кој има заумна врска со кулминативниот двостих на сјајниот македонски поет Константин Миладинов: „Слнце да зајдвит, ја да умирам“, кој ја содржи концентрираната мисла, воедно антитетичка слика чии семантизам значи: во моментот на најголема среќа и егзалтација – јас да умрам. Значи во мигот на најголема среќа, да ја доживеам најголемата несреќа за човека.

Така и поетот, како да прави метадијалог, внатрешен „невидлив“ разговор со лирикот Миладинов кој ни остави бисер песни, сјајни поенти налик на оваа моќна антитеза која всушност е длабински оксимирон кој би можел да се „преведе“ како „среќна несреќа“ или како „несреќна среќа“, и која веќе преоѓа во – снажен металогизам.

Така поемата на Пејковски е „медовина“ на металогизмите, чија густина и висока концентрација говори за високоосмилен дискурс чија природа е еминентно филозофска.

Тоа е толкување.

Но, ајде да видиме што доживуваме кога ја интерпретираме? Кога насловот доживува егзалтација, кога тој кулминативно се возвишува и ерутира како што сјајната поента на Миладонов: „Слнце да зајдвит, ја да умирам“, поетот Пејковски ја воскрева кон небото – на свој начин, кога гласно, пред сите прашува: „Се умира ли од премногу сакање?!“

Тој хибрид, таа синергија, таа амбивалентна слика – очигледно е „чедо“ на густ филозофски дискурс, оти „хемијата“ меѓу: *љубовта* и *страданието,* меѓу *среќата* и *несреќата,* меѓу *животот* и *смртта,* може да биде состојба – *во нас,* во која хиперболата на љубовта, онаа знаете – љубовта над сите можни љубови, може да расте, да расте до небесата, та да се препознае во еден миг – во... *смртта.*

- *Дали се умира од премногу сакање?*
- *Но дали се умира и од несакање?* – Се прашања на оваа величествена поема.

Прашања на кои ќе одговориме ноќеска, секој саме, секој во својот молк, во своите тишини, во својот универзум на сакањето.

Љубовта – како кулминација, како врв, како ерупција, како „вулкан“ – чија лава може да се прелее и кон амбисот. Кон смртта.

Тоа е една од дилемите „засадени“ во овој сјаен наслов и во ова маестрално монументално дело.

Останатото – е препуштено на нас.

## 4. РЕЗУЛТАТИ И ЗАКЛУЧОЦИ

Истражувањето на поетичките особености на делото покажа дека се работи за широк тематски распон кој се „храни“ од магистрални идеи, со кои е понесен авторот Пејковски.

Та ако поемата е „матица“ на *аксиолошки вредности*, кои „се остваруваат во вид на добра што ја сочинуваат културата.“ (Димишковска А. и Цепароски И. (2022). Филозофија Том I: 23), тогаш оваа дело има далеку подлабоко и пошироко културолошко значење.

Делото „Се умира ли од премногу сакање?!“ е вистински „рудник“ на сознанија, мудрословија, со богат тематски распон, со ѕуница од теми кои се разгрануваат арборесцентно, та налик на крошна од раскошно дрвје, гради виртуелен мозаик, кој е во непрестајно, perpetuum mobile процес на составување.

Извонредно значајно е за македонската, но и светската култура што оваа творечка еманција на Петревото ремек-дело од творештво, авторот Пејковски, верен продолжувач на идеите, визиите и творечките пориви на култниот Андреевски, кој ја следи и надградува, ја „позлатува“ творечката и иделошката патека на нашите најдрагоцени предци како што е македонскиот и сесловенски првописател, просветител, книжевник, учител, духовник и епископ Свети Климент Охридски, како што се идеите за македонство на великаните на македонската култура: Мисирков, Прличев, Рацин и големите македонски синови и ќерки, кои пред себе, но и во себе го „растеа“ идеалот за историски разден на македонскиот јазик, македонската независност, државност и идентитет.

Достен на ним, на нашите ни предци, достоен по повдиг, дело и дострел, Пејковски успева да се вгради за навек во најскапоцената вертикала на македонски творци, борци за вистината, превдината и убавината – преку перо, преку стих, преку виртуозноста на убавата реч.

Реч која нè прославува во светот – по арно, реч која ни ги отвора вратите кон иднината, онаа во која се вградени идеалите на предците ни, оние возвишените, оние чии стих и мисла – се Божја промисла...

Делото „Се умира ли од премногу сакање?!“ останува како „дијамант“ во трезорите на македонската и светската библиотека.

Библиотеката – како сонуван рај, во кој достојно се слави величественото и монументално дело на великанот Петре М. Андреевски.

Музката – ги победува тишините.

Ја победува и смртта како врвна тишина.

А поезијата – ги гледа триумфално, оти во неа расте речта, мислата и музиката – кои победуваат *сè*...

Така ова дело се извишува кон врвовите...

**ЛИТЕРАТУРА**

Пејковски, З. (2024). Се умира ли од премногу сакање?! Скопје. ПНВ Публикации.

Ќулавкова, К. (приредувач) (2021). Поимник на книжевната теорија – второ дополнето и изменето издание. Скопје. Македонска академија на науките и уметностите.

Димишковска, А., & Џепароски, И. (подготвиле) (2022). Филозофија Том I. Скопје. Македонска академија на науките и уметностите.

Димишковска, А., & Џепароски, И. (подготвиле) (2022). Филозофија Том II. Скопје. Македонска академија на науките и уметностите.

Николовска, К. (2024). Студии за македонската поезија. Скопје. Панили.

Плевнеш, Ј. (2011). Уби поезија иби патрија. Скопје. Феникс.

Тодоровски, Г. (2008). Живеј песно! Скопје. Микена.

Николовска, К. (2020). Словољубие. Скопје, Силсонс.

Плевнеш, Ј. (2014). Беседа на Јордан Плевнеш за Владо Цветановски „Мостот Бела Река на Владо Цветановски во македонскиот и светскиот театар,
https://www.google.com/url?sa=t&source=web&rct=j&opi=89978449&url=https://www.jordanplevnes.net/1053108610741086108910901080/34&ved=2ahUKEwi9qaSpkYGKAxW0hf0HHb85MDEQFnoECBsQAQ&usg=AOvVaw3Lh4G0GC8Q0BZqHizl6wH9 (пристапено на 29.11.2024.)

https://www.jordanplevnes.net/10611088108610851086108310861075108011121072.html („Хронологија на Јордан Плевнеш“, пристапено на 26.11.2024.)